РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр. 03-501
05.12. 2014 година
Скопје

Врз основа на член 20, став 1, алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), и Извештајот од вонредниот надзор на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 30 ноември 2014 година бр.10-5966/2 од 02.12.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради неемитување на програма на македонски јазик и кирилско писмо, во согласност со член 64 став 1 од Законот, од страна на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, Директорот на Агенцијата на ден 05.12.2014 година го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14 и 132/14), односно поради емитување на интервју на српски јазик, без соодветен превод на македонски јазик, спротивно на член 64 став 1 од Законот.

Повредата од став 1 од оваа точка, спецификувана е (по наслов на емисија, период на емитување почеток и крај и опис на прекршување) во Извештајот од вонредниот надзор на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 30 ноември 2014 година бр.10-5966/2 од 02.12.2014 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението.

4. Ова решение е конечно.
Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 27 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), е надлежна по службена должност покрај другото во случај на сомневање да врши вонреден програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.